# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГРАДСКО

**Службен гласник на Општина Градско** излегува по потреба

**Број 1 година XXI**
**29 февруари 2016**



**1.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06)
Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2015 година**

Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Градско за четврти квартал за 2015 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/1
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р.

Врз основа на член 62 став 1 и член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско (,,Сл. гласник на Општина Градско,, бр. 02/06)
Советот на Општина Градско на седницата одржана на 26.02.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2015 година**

1. Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Градско за четврти квартал за 2015 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-92/3
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**2.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр.2/06), Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС за 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2015 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/2
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско (“Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06) Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 26.02.2016 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Општина Градско за 2015 година се состои од:

| | | Буџет за 2015 | Завршна сметка 2015 |
|---|---|---|---|
| I. | **Вкупни приходи** | **60.599.910** | **566.568.606** |
| | **Даночни приходи** | **7.183.041** | **5.791.918** |
| | **Неданочни приходи** | **940.000** | **1.036.638** |
| | **Капитални приходи** | **1.110.000** | **6.533.005** |
| | **Дотации** | **24.712.579** | **24.673.000** |
| | **Трансфери** | **25.414.290** | **18.534.045** |
| | **Донации** | **1.240.000** | **0** |
| II. | **Вкупни расходи** | **60.099.910** | **56.756.042** |
| | **Утврдени намени** | **60.039.910** | **56.756.042** |
| | **Резерви** | **60.000** | **0** |
| III. | **Дефицит** | **0** | **-187.436** |
| IV. | **Финансирање** | **0** | **187.436** |
| | **Прилив** | **0** | **187.436** |
| | Домашни приливи | 0 | 0 |
| | Странски заеми | 0 | 0 |
| | Депозити | 0 | 187.436 |
| | **Одлив** | **500.000** | **500.000** |
| | Отплата на главнина | 500.000 | 500.000 |

**Член 2**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови на расходите и одливите по основни намени се искажуваат во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општината и тоа:

табели - excel

**Член 3**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 67.712,00 денари се пренесува како приход на основниот буџет на ЕЛС ГРАДСКО за 2016 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 129.378,00 денари се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на ЕЛС ГРАДСКО за 2016 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 373.304,00 денари се пренесува како приходи на буџетот на самофинансирачки активности на ЕЛС ГРАДСКО за 2016 година.

**Член 4**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа ГРАДСКО за 2015 година и тоа:

**Член 5**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа ГРАДСКО за 2015 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 6**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа ГРАДСКО за 2015 година се објавува во Службен Гласник на единицата на локалната самоуправа ГРАДСКО.

Бр.08-92/4
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**3.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр.2/06), Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2016 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2016 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/3
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 19 од Статутот на Општина Градско (Службен весник на Општина Градско бр. 02/2006), Советот на Општина Градско на седницата одржана на 26.02.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2016 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2016 година бр. 08-563/4 од 25.12.2015 година, текстот во член 10 став (1) алинеја 2 се заменува со следниот текст:

„-вредноста на бодот за платите на државните службеници се утврдува врз основа на посебна Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници донесена од страна на Советот на Општината.“

**Член 2**

Во член 16 став (1) зборовите: „Буџетските корисници можат да “ се заменуваат со зборовите: „Во општинската администрација може да се“ а после став (1) во истиот член се додава став (2) кој гласи:

„Буџетските корисници-локалните јавни установи од обласа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потрбата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.„

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Општина Градско“, а ќе биде применувана од 01.Јануари 2016 година.

Бр.08-92/5
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

.

**4.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр.2/06), Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2015 година, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/4
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник” на Република Македонија бр.5/2002 и член 12 од Статутот на Општина Градско, на седницата одржана на ден 26.02.2016 година го усвои следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2015 година**

**I. ВОВЕД**

Со Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2015 година (“Службен гласник” на Општина Градско бр.5/2014), согласно сопствените финансиски средства со кои располага Општина Градско и средствата кои секоја година ги добива од Јавното претпријатие за државни патишта, беа предвидени повеќе активности.

Програмата е во согласност со Буџетот на Општина Градско за 2015 година, а реализацијата на активностите се одвиваше континуирано во текот на целата година во рамки на расположливите средства.

**II.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

За реализација на предвидените проекти од Програмата, беа предвидени следните извори на финансирање:

1. Трансфери од Владини институции:
1.1. Јавно претпријатие за државни патишта;
1.2. Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој;
1.3. Биро за регионален развој;
2. Сопствено учество од Буџетот на Општина Градско

**III. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И РАСХОДИ ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Остварените приходи, беа наменети дел за плаќање на доспеани обврски по основ на претходно реализирани капитални инвестиции, а дел за реализација на проекти од Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско 2015 година.

Во продолжение следи преглед на реализирани проекти и исплатени средства за таа намена:

**1. Санација на постојни улици со поплочување во с.Виничани со вкупна должина од 150 м**

- Набавени се и поставени 550,80 $м^2$ на сиви бехатон плочки;
- Изработена и вградена е решетка за собирна вода
- Вкупната вредност на Проектот по завршна ситуација изнесува 760.742,00 денари, од кои на изведувачот ПАВЕР-ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци во 2015 година исплатени му се 420.000,00 денари, средства кои ги добива Општина Градско од Јавното претпријатие за државни патишта.

**2.Санација на патиштата оштетени од поројните дождови и чистење на одводни канали покрај регионалниот пат кој минува низ Градско**

➢ Со средства од Јавното претпријатие за државни патишта извршена е доплата на заостанати, доспеани обврски по основ на санација на патиштата оштетени од поројните дождови и чистење на одводни канали покрај регионалниот пат кој минува низ Градско и тоа во вкупна висина од 233.763,00 денари од кои:
- на изведувачот СТРЕЛЕЦ ТРАНС Кавадарци, исплатени му се 92.163,00 денари,
- на изведувачот АКВА НЕТ Росоман, исплатени му се 141.600,00 ден.

**3.Изградба на локален пат од брана Подлес до село Подлес со вкупна должина од 1.160,83 м**

➢ Овој Проект е реализиран во 2014 година во вкупна вредност од 12.064.626,00 денари, каде како изведувач на работите се јавува ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт-импорт Струмица. Дел од обврската за плаќање на реализираните градежни активности во висина од 3.650.458,00 денари исплатени се во 2014 година, додека за остатокот од 8.414.168,00 денари Општина Градско изврши доплата на изведувачот во 2015 година и тоа:
- 1.069.930,00 денари средства кои се обезбедени од трансферот од страна на Јавното претпријатие за државни патишта за 2015 година,
- 7.344.238,00 денари се средства обезбедени од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој;

**IV. ЗАКЛУЧОК**

Со оглед на финансиската состојба на Општина Градско, од особено значење е соработката со Јавното претпријатие за државни патишта од кое во 2015 година Општина Градско доби на располагање 1.810.091,00 денари од кои во 2015 година искористени се 1.723.693,00 денари, додека остатокот од 86.398,00 денари се префрлени во 2016 година и истите ќе се наменат за плаќање на доспеани обврски по основ на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско.

Нереализираните проекти се предвидени во Програмата за 2016 година и нивната реализација продолжува континуирано во текот на 2016 година, како и исплатата на веќе извршените работи.

Бр.08-92/6
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**5.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр.2/06), Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за продажба на основно средство по пат на јавно наддавање-патничко моторно возило**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Одлуката за продажба на основно средство по пат на јавно наддавање-патничко моторно возило, што Советот на Општина Градско го донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/5
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 и член 66 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) Советот на Општина Градско на својата седница, одржана на 26.02.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За продажба на основно средство по пат на јавно наддавање-патничко моторно возило**

**Член 1**

Се одобрува продажба на основно средство-патничко моторно возило со следните карактеристики:

| Ред. бр. | Опис | Количина |
|---|---|---|
| 1 | ПМВ марка RENAULT тип 4 ГТЛ, број на шасија VF 111280000561898, број на мотор 688D712, година на производство 1990, сила на моторот во 25 kw, работна зафатнина на моторот во sm3- 1108 sm3, места за седење -4, боја на каросеријата Крем/4Ф, не е во возна состојба | 1 |

**Член 2**

Основното средство да се продаде по пат на јавно наддавање согласно одредбите на член 66 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), и одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (Службен весник на РМ бр.8/05).

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Градско со решение ќе формира комисија за утврдување на вредноста на возилото, која ќе преставува почетна цена во постапката за отуѓување за располагање на средствата. Истата комисија ќе има задача да ја спроведе целокупната постапка за продажба на наведените возила по пат на јавно наддавање, согласно Закон.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-92/7
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**6.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување за 2016 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување за 2016 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/6
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 62 став 1 и член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско (,,Сл. гласник на Општина Градско,, бр. 02/06)
Советот на Општина Градско на седницата одржана на 26.02.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот план за вработување за 2016 година**

1. Советот на Општина Градско го усвои Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување за 2016 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-92/8
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**7.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за пристапување на Општина Градско како сооснова на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група Вардар Леадер-Градско**

Се објавува Одлуката за пристапување на Општина Градско како сооснова на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група Вардар Леадер-Градско, што Советот на Општина Градско ја донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/7
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), и член 15 став 1 од Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010), а во врска со член 17 од Статутот на Општина Градско(Службен гласник на Општина Градско бр 02/06), Советот на Општина Градско на седницата одржана на 26.02.2016 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за пристапување на Општина Градско како сооснова на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група Вардар Леадер – Градско.**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Градско пристапува како сооснова на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група Вардар Леадер - Градско со седиште во Општина Градско.

**Член 2**

Со донесување на оваа одлука Општина Градско станува основач со право да учествува во Управниот орган на Здружението за рурален развој Локална Акциона Група Вардар Леадер – Градско. За таа цел Општина Градско ќе делегира и разрешува член кој ќе учествува во работата на органите на здружението.

**Член 3**

Со донесување на оваа одлука Општина Градско согласно член 21 и член 22 од Статутот на ЗРР ЛАГ Вардар Леадер – Градско, може да ги остварува следните права:
-Да бира и да биде бирана во органите и телата на ЛАГ-от;
-Да учествува во работата на ЛАГ-от;
-Да покренува дискусии и прашања од делокруг на работа на собранието, како и пошироко во смисла на остварување на целите и задачите на ЛАГ-от и
-Да предлага донесување соодветни одлуки од страна на Собранието
и обврски:
-Да се придржува кон одредбите на овој Статут;
-Да работи активно на обезбедување на материјално-финансиската состојба на ЛАГ-от;
-да привлекува други членови;
-да плаќа редовно членарина;
-да се залага за остварување на програмските цели и задачи предвидени со овој Статут;
-да придонесува за развојот на ЛАГ-от и
-да се грижи за спроведување на сите ставови и заклучоци донесени во органите и телата на ЛАГ.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Градско”.

Бр.08-92/9
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**8.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности од обласа на енергетската ефикасност во 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности од обласа на енергетската ефикасност во 2015 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/8
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 62 став 1 и член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско (,,Сл. гласник на Општина Градско,, бр. 02/06)
Советот на Општина Градско на седницата одржана на 26.02.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализирани активности од обласа на енергетската ефикасност во 2015 година**

1. Советот на Општина Градско го усвои Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности од обласа на енергетската ефикасност во 2015 година

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-92/10
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

**9.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник" на РМ бр.5/02) и член 19 од Статутот на Општина Градско (,,Сл гласник на Општина Градско,, бр. 02/06) Градоначалникот на Општина Градско донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈКП„КЛЕПА“ Градско за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈКП„КЛЕПА“ Градско за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седницата одржана на 26.02.2016 година.

Бр.09-107/9
29.02.2016год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Жанета Чаушевска с.р

Врз основа на член 62 став 1 и член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско (,,Сл. гласник на Општина Градско,, бр. 02/06)
Советот на Општина Градско на седницата одржана на 26.02.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршната сметка на ЈКП„КЛЕПА“ Градско за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година**

1. Советот на Општина Градско го усвои Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈКП„КЛЕПА“ Градско за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-92/11
26.02.2016год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Ванчо Цветков с.р.

| *Број на акт* | *С О Д Р Ж И Н А* | *Стр.* |
|---|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2015 година** | **1** |
| | **О Д Л У К А за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2015 година** | **1** |
| 2 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС за 2015 година** | **4** |
| | **З А В Р Ш Н А С М Е Т К А на Буџетот на ЕЛС за 2015 година** | **4** |
| 3 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2016 година** | **28** |
| | **О Д Л У К А за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2016 година** | **28** |
| 4 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2015 година** | **29** |
| | **Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2015 година** | **29** |
| 5 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за продажба на основно средство по пат на јавно наддавање-патничко моторно возило** | **30** |
| | **О Д Л У К А за продажба на основно средство по пат на јавно наддавање-патничко моторно возило** | **31** |
| 6 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување за 2016 година** | **31** |
| | **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишниот план за вработување за 2016 година** | **31** |
| 7 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за пристапување на Општина Градско како сосновач на Здружение за рурален** | **32** |

| | | |
|---|---|---|
| | развој Локална Акциона Група Вардар Леадер-Градско | |
| | О Д Л У К А за пристапување на Општина Градско како сооснович на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група Вардар Леадер-Градско | 32 |
| 8 | З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности од областа на енергетската ефикасност во 2015 година | 33 |
| | З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализирани активности од обласата на енергетската ефикасност во 2015 година | 33 |
| 9 | З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈКП„КЛЕПА“ Градско за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година | 33 |
| | З А К Л У Ч О К за усвојување на Завршната сметка на ЈКП„КЛЕПА“ Градско за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година | 33 |


Издавач : Општина Градско тел. 043/251-522 fax. 043/251-856

Буџет на Општина Градско
Сметка: 100000000063095 Народна Банка РМ
Сметка на Буџетски Корисник 717014102563018